**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **Привремената комисија за следење на медиумското претставување**

**Бр.** 03-5645/2

**Скопје** 23.11.**2016г.**

**Предмет:** **Одговор на дописот за наводна појава на нерегистрирани прекршоци по основ на член 75-б (бр.03-5645/1 од 16.11.2016г.)**

Почитувани,

Внимателно го разгледавме дописот што, во име на Привремената комисија, до Секторот за програмски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го достави г. Љубомир Костовски.

Во него посочувате дека во извештаите на Агенцијата, од петтиот (од 12 до 21 октомври 2016 година) и шестиот извештаен период (од 22 до 31 октомври 2016 година), наводно, кај одделни телевизии, не се констатирани сите повреди на член 75-б од Изборниот законик (*известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, ....... не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*). Притоа не се прецизира за кои прилози станува збор. Со анализа на Вашите предлози за изрекување мерки и на записниците од Вашите седници за овие извештајни периоди, констатиравме дека забелешките се за:

- Извештајот на ТВ Алфа за периодот од 12 до 21 октомври 2016 година, затоа што во Предлогот за изрекување мерка за овој медиум бр. 03/5339/1 од 31.10.2016 година, освен што реферирате на прилозите регистрирани во извештајот на Агенцијата, сте допишале уште три прилози за кои констатирате дека се прекршување на член 75-б;
- Извештајот на ТВ Алфа за периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, затоа што во Предлогот за изрекување мерка за овој медиум бр. 03/5520/1 од 09.11.2016 година, освен што реферирате на прилозите регистрирани во извештајот на Агенцијата, сте допишале уште два прилози за кои констатирате дека се прекршување на член 75-б; и на
- Извештајот на ТВ Сител за периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, затоа што во Записникот од 11-та седница на Привремената комисија одржана на 09.11.2016 година, бр. 03/5870/1 од 19.11.2016 година, г. Костовски потенцирал дека нотирал уште четири прилози кои, според него, се прекршување на член 75-б.

Во врска со трите прилози додадени во Предлогот за изрекување мерка на ТВ Алфа за прекршување на член 75-б, за периодот од 12 до 21 октомври 2016 година, посочуваме дека:

- На 12 октомври 2016 година, во периодот од 17:41 до 17:42 часот на ТВ Алфа не е емитуван прилог насловен „Лидерот на ВМРО ДПМНЕ во посета на МОБ“ во кој „шефот на партијата ги открива достигнувањата на новите инвестиции во оваа културна установа“, како што е наведено во Предлогот од Комисијата. На оваа тема во овој Дневник, во периодот од

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

17:39:15 до 17:41:36 е емитуван прилог насловен „По дури 33 години, МОБ ги отвора вратите со комплетно ново гледалиште и фоаје", кој Агенцијата го нема констатирано како прекршок, затоа што во прилогот не говори „шефот на партијата", туку директорот на МОБ Дурловски. Лидерот на ВМРО ДПМНЕ се појавува на крајот, само визуелно, без тонска изјава, а медиумот посочува дека тој ги посетил и МОБ и објектот на Македонската филхармонија;

- На 12 октомври 2016 година, во Дневникот во 17:30 часот, воопшто не е емитуван прилог „Груевски за проектите наменети за локалната самоуправа";

- На 12 октомври 2016 година, во периодот од 17:41 до 17:42 часот на ТВ Алфа не е емитуван прилог насловен „Проектот илјада бесплатни книги" во кој „шефот на партијата ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за уште еден владин проект во образованието". На оваа тема во овој Дневник, во периодот од 17:43:44 до 17:45:08 е емитуван прилог насловен „Заокружен проектот за превод на 1000 стручни и научни книги и учебници", кој Агенцијата го нема констатирано како прекршок, затоа што во прилогот не говори „шефот на партијата", туку говорат заменик-министерот за образование и наука Спиро Ристовски и студентката Мартина Бошковска. Лидерот на ВМРО ДПМНЕ не е присутен во прилогот ниту визуелно, ниту тонски.

Во врска со двата прилога („Груевски: за 2,5 мандати направивме повеќе училишта отколку СДСМ во сите свои мандати" емитуван на 23 октомври 2016 година, и „Груевски: 33 милиони евра за нови 3.700 апарати за здравството во секој град во државата, секој со прецизен рок на набавка" емитуван на 31 октомври 2016 година) додадени во Предлогот за изрекување мерка на ТВ Алфа за прекршување на член 75-б, за периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, посочуваме дека не се констатирани во извештајот на Агенцијата, затоа што воопшто не говорат за редовни активности на државни органи, органи на општините и тн. како што пропишува одредбата, туку станува збор за партиска изјава во првиот случај, односно партиска активност за презентирање на изборна програма во вториот случај.

Во врска со четирите прилози нотирани од г. Костовски во Записникот од 11-та седница на Привремената комисија, а кои од Агенцијата не се констатирани како прекршувања по член 75-б во Извештајот за ТВ Сител за периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, потенцираме:

- Прилозите „Груевски: Нови 74 училишта, трендот ќе продолжи и понатаму" и „Груевски: Скопје ќе добие затворена тениска арена", емитувани на 23 октомври 2016 година, и „Нова апаратура во здравството", емитуван на 31 октомври 2016 година, прво воопшто не се насловени вака, туку – „Само за две и пол години се изградени или се градат 19 училишта низ Македонија"; „Затворената тениска и гимнастичарска арена во комплексот Борис Трајковски ќе почне да се гради во мај догодина"; и „Груевски: 3700 апарати во здравството за секој град во државата". Второ, прилозите воопшто не говорат за редовни активности на државни органи, органи на општините итн. како што пропишува одредбата, туку станува збор за партиски изјави со предизборни ветувања;

- Прилогот „Скопје доби најсовремен центар за физикална терапија", всушност е насловен „Стартува со работа најсовремен центар за хидротерапија во јавното здравство" е емитуван на Сител на 29 октомври од 19:22:50 до 19:24:21 часот. За прилогот во описот велите „Претседателот на партијата Никола Груевски пушти нов објект во ГОБ „8 Септември" кој е всушност обнова на стар и некористен објект 12 години. Беше претставен како владин проект". Во овој прилог воопшто не се појавува ниту се споменува претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и поради тоа не е наведен во извештајот за член 75-б. Во него се појавуваат министерот за здравство Никола Тодоров и директорот на ГОБ „8 Септември"

Сашо Стојчев и затоа е наведен во Извештајот како пример за прилог во кој се дава позитивен контекст за мерките, активностите и резултатите од политиките на Владата.

Сето ова можевте и се уште можете и сами многу лесно да го констатирате доколку ги погледнете снимките од медиумите до кои Ви е обезбеден пристап од Вашиот прв работен ден. Но, Вие одбравте да го оспорувате капацитетот на Стручната служба на Агенцијата за вршење мониторинг и уште посериозно - за непрофесионалност, затоа што ја обвинивте дека калкулира со тоа што ќе наведе во извештаите – во дописот велите „... без оглед на фактот што по овој основ секој радиодифузер може да биде казнет и само со оној број на прекршоци кои се констатирани. Можеби и во Програмскиот сектор имало и таква проценка ...“.

Дополнително, угледот на Стручната служба и на Агенцијата ги нарушивте и со тоа што Вашите тврдења за наводно нерегистрирање на прекршоци по член 75-б и јавно ги споделивте во емисија на ТВ Шења, премиерно емитувана на 16 ноември, а трипати репризирана на 17, 18 и 20 ноември 2016 година. Да не го заборавиме и фактот дека во две прекршочни постапки покренати против ТВ Алфа за непочитување на член 75-б по предлог од Привремената комисија се нотирани и прилози кои не се спорни по овој основ, како и фактот дека и ова влијае на угледот на Агенцијата која по предлог од Привремената комисија, ги покренува и ги води прекршочните постапки пред надлежните судови.

Во двата записника од Вашите седници видовме и тврдење дека „АВМУ не организираше дополнителна обука по отфрлањето на Методологијата и со тоа не презема се што е во нејзина моќ да ги информира медиумите за новите одредби“. Би сакале да Ве потсетиме дека на 2 септември 2016 година, Агенцијата организираше две работни средби со радиодифузерите на кои присуствувавте и Вие, постојано комуницираме со медиумите на тема изборни правила, а за постојната Методологија беа одржани и шест работилници во февруари оваа година. Информациите и материјалите од сите овие средби и работилници се достапни на нашата веб страница.

Никогаш не сме ги потцениле знаењето и искуството на членовите на Комисијата како новинари. Очекувавме, и очекуваме, дека и вие нема да ги потценувате стручниот и професионалниот капацитет на вработените во Агенцијата.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

............................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ